РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЧО РАЦИН
Бр. 01-173/1
09 07 2025 год.
Нов Дојран, Дојран

ООУ,,Кочо Рацин"-Нов Дојран

Ул.,,Моша Пијаде"бр.14 Нов Дојран

Тел:034/227-237 mail: kracin_dojran@yahoo.com

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА
# ООУ„КОЧО РАЦИН" –НОВ ДОЈРАН
# ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА



***СОДРЖИНА:***

*1 .Вовед-----------------------------------------------------------------------------------------------------3*

*2. Услови за работа-----------------------------------------------------------------------------------4*

*3. Подготвеноста на училиштето за работа во почетокот на учебната година-----------4*

*4. Планирање, реализација и унапредување на воспитно образовната дејност---------------4*

*5. Успех на учениците на крајот на првото полугодие на учебната----------------------------9*

*6. Соработка со родителите----------------------------------------------------------------------16*

**ВОВЕД**

Врз основа на член 122 алинеја 2 став 8 од Законот за основно образование (Службен весник на Р.Македонија бр.161/19, 229/2, 3/25, 74/25) како и член 12 алинеја 4 од Статутот на училиштето со цел да се даде информација за одделните подрачја од дејноста, како и за постигнатите резултати, успеси и поведенија на учениците по предлог на Директорот на училиштето на ден 4.07.2025 Наставничкиот Совет го разгледа и усвои Полугодишниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/25 година.

Појдовна основа за изготвување на Полугодишниот извештај се:

- Годишна програма за работа на училиштето
- Годишна програма за работа на раководниот и стручниот кадар, тела и органи за тековната учебна година
- Документацијата за нивната реализација
- Статистички прегледи и извештаи за бројот и опфатеноста на учениците и паралелките
- Условите за работа и успехот и поведението на учениците
- Реализацијата на плановите и програмите за наставата и воннаставните активности и другата стручна и педагошка дејност.

## 2. Услови за работа во училиштето

Општинското основно училиште „Кочо Рацин“ е лоцирано на улица „Моша Пијаде“ бр.14 во Нов Дојран и опфаќа ученици од Нов Дојран, и населените околни места Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели.

Во сите подрачни училишта (Стар Дојран, Николиќ, Црничани, Фурка, Ѓопчели) одделенската настава се изведува во комбинирани паралелки со исклучок на централното училиште во Нов Дојран, второ одделение во ПУ Николиќ и Второ одделение во ПУ Стар Дојран каде наставата се изведува во чисти паралелки.

Ова учебна година започна на 02.09.2024 (понеделник) година од I до IX одделение и наставата се изведува со физичко присуство.

**3. Подготвеноста на училиштето за работа во текот на учебната година**

Училишните згради ги задоволуваат основните потреби за одвивање на настава со физичко присуство за реализација на воспитно-образовниот процес и изведување на настава. Од материјално-технички аспект училиштето во Нов Дојран и сите ПУ навремено беа подготвени за почетокот на учебната година.На крајот на второто полугодие за сите училници во централното  и за подрачните училишта се набавија и прочистувачи за воздух.

**4. Планирање, реализација и унапредување на Воспитно-образовната дејност**

Според  Календарот за работа  за  учебната 2024/25 година која  започна на втори септември  а завршува на  31 август 2025 година, а пак наставната година започна на 2 септември 2024 год. и завршува на 10 јуни 2025 година  со навремено планирање од страна на сите наставници во сите подрачја. Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/25 година по предлог на Училишниот одбор беше донесена и доставена до советот на Општина Дојран и истата беше навремено усвоена.

Според Календарот за работа во учебната 2024/25 година,  планирани се  180 наставни работни денови, а во првото полугодие се реализирани  83 наставни и работни денови а во второто полугодие 97 наставни и работни денови.

Наставниците изработуваат дневни подготовки и сценарија за час  кои ги содржат следниве компоненти: наставна тема, наставна единица, тип на часот, цели на часот, форми, методи, средства, план за текот и завршен дел на часот.

Директорот и стручната служба во текот на првото и второто  полугодие од оваа учебна година вршеа увид во успешното реализирање на предвидените планови и програми за работа, применување на современи форми и методи на работа, односот на вработените кон учениците и родителите, навремено извршување на сите обврски на воспитно-образовниот кадар предвиден со Законот.

Наставата како најорганизирано и планско образование се организираше и реализираше според  наставните планови и програми изработени од БРОМ  за задолжителни и изборни предмети што се изучуваат по одделение. И оваа  нова учебна 2024/25 се применува  новата Концепција за основно образование, во прво, второ,  трето, четврто, петто  и шестто одделение. Наставни програми по сите предмети се  изработени од страна на Бирото за развој на образованието. Придобивките се намален број предмети, нивно интегрирање и можност на учениците да избираат предмети со што се почитуваат нивните интереси и се овозможува развој на нивните потенцијали. Целта на оваа

Концепција е она што учениците го учат да можат да го поврзат со секојдневниот живот и тоа е водечкиот принцип по кој се креирани наставните програми. Тие се темелат на инклузивност, родова сензитивност/рамноправност и интеркултурност т.е. подобрена интеретничка интеграција.

Во учебната 2024/25 година запишани се вкупно 244 ученика и тоа 132 во одделенска настава и 112 ученика во предметна настава од кои девет ученици се со посебни образовни потреби. Од оваа учебна година во нашето училиште за тројца ученици со посебни образовни потреби (во Фурка, Стар Дојран и Ѓопчели) се ангажирани образовни асистенти кои работат со овие деца. Со започнување на процесот на иновирање на основното образование, постигањата на учениците во воспитно образовниот процес, од прво, второ, и трето, четврто, петто и шесто одделение континуирано се следеа, проверуваа, опишуваа и описно беа оценети во првото полугодие, а учениците од седмо, осмо и деветто одделение беа оценети бројчано.

Според новата концеција за основно образование на учениците од вториот и третиот период на основно образование (IV-IX) одделение им беше понудено да изберат од четири категории слободни изборни предмети по еден во секое полугодие. Во првата категорија се предмети за продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети. Втората категорија предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети. Во третата категорија се слободни изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците а во четвртата се изборни предмети од спортско-рекреативен карактер.

Во нашето училиште во четврто одделение за првото полугодие во соработка со родителите беше избран предметот Цртање, сликање, вајарство а за второто полугодие ќе биде Изработка од хартија-оригами, додека за петто одделение избран е Театарот-уметност на емоции а за второ полугодие Моделарство, креативни идеи-направи сам.

Како изборни предмети учениците во предметна настава оваа учебна година ги изучуваа следните предмети:

- Во шесто одделение го изучуваат предметот Класична култура на европската цивилизација
- Во седмо одделение го изучуваат предметот Игри за разрешување конфликти
- Во осмо одделение го изучуваат предметот Истражување на родниот крај
- Во деветто одделение го изучуваат предметот Проекти од музичка уметност

На 02.09. 2024 година беше прв среќен училишен ден , им посакавме радост и добредојде на нашите вредни првачиња како и среќа и успеси на другите ученици кои оваа учебна година настава следат во нашето училиште . Се приреди свечен прием за првачињата кои за прв пат седнаа во училишните клупи и зачекорија во светот на знаењата. Во соработка со Општина Дојран, ООУ „Кочо Рацин“ им додели подароци на сите првачиња за среќна и успешна учебна година.

Во периодот од 07.10.2023 до 13.10.2023 година учениците од ООУ„Кочо Рацин“ ја одбележаа Детската недела којашто оваа година е под мотото „Правата на детето –

безбеден чекор кон среќно детство!“. По тој повод Беа одржани предавања, работилници, игри и спортско-рекреативни активности со учениците од прво до деветто одделение за Детските права и одговорности од страна на одделенските и класните раководители, во соработка со стручната служба, Ученичката заедница и Ученичкиот парламент . Положија заклетва и ветија дека ќе бидат умни и одговорни ученици, но пред се, добри другари.

По повод Светскиот ден на учителот за учениците од прво до петто одделение беше распишан конкурс за литературна и ликовна творба на тема „Мојот учител“ а исто така по тој повод учениците од шесто до деветто одделение твореа на тема „Учителот е водечка светлина за учениците“ или Учителите, нашите тивки супер ѕвезди. Комисијата одлучи да ги награди следните ученици:

Литературен конкурс:
1 место – Зоран Кортов V одд.
2 место – Антонио Узунов III одд.
3 место - Снежана Тончева III одд.

Ликовен конкурс:
1 место – Беркај Салихов V одд.
2 место – Дарија и Јована Маказчиеви II одд.
3 место – Димитар Николов IV одд.

Литературни творби: VI одд.- IX одд.
1 место - шифра: Бубамара
2 место- шифра: 2606
3 место - шифра: flamingo - 2021

Во месец октомври учениците од шесто до деветто одделение, под менторство на наставникот по информатика Ристо Ристов, реализираа неколку активности по повод Европската недела на кодирање 2024.

1. Мерење на температура во степени Целзиусови, Фаренхајтови и Келвини со микробит уред;
2. Испитување парен или непарен случаен број со микробит;
3. Таблица множење со броеви по случаен избор со микробит;
4. Дешифрирање пораки во Scratch со соодветен клуч.

Месецот на книгата кој веќе традиционално се одбележува секоја година од 15 октомври до 15 ноември во училиштата а со цел да се придонесе за популаризација на читањето меѓу учениците беше одбележан и во нашето училиште со низа активности. Прва активност беше уредување на катче посветено на Месецот на книгата каде што најголем декор претставуаа книгите и сите пропратни елементи со нив. А втората

активносто беше и фицијална посета на ЗГ „Од станица до граница” на ООУ „Кочо Рацин“ во Нов Дојран и почетни активности на проектот „Моја приказна - мој медиум“ со потпишување на меморандум за соработка заедно со директорот на Училиштето Мирослав Бошнаков.

Координатор на проектните активности е наставничката по македонски јазик и литература Марија Ангова Цветковска.

По повод Месецот на книгата, нашите ученици напишаа многу убави пораки, посветени на книгата на балони и ги поделија на најмалите ученици во училиштето.

По повод 5 ти Ноември (денот на ослободувањето на Дојран) беше распишан конкурс за најдобра литературна творба на тема 5 ти Ноември за учениците од шесто до деветто одделение а за учениците од прво до петто одделение Одделенскиот актив распиша конкурс за најдобра ликовна творба на истата тема.

Наградени ученици на распишаниот литературен конкурс се :

1 место - Михаела Ајцева IX одд.
2 место – Јована Мазнова VIII б одд.
3 место – Данче ГоговаVII а одд.

По истиот повод беше организиран училишен крос и претставување со музички изведби на училишниот хор во градскиот парк во Нов Дојран.

На ден 29.10.2024 година на иницијатива на Ученичката заедница за учениците од VIII и IX одд. др Софија Гугова Пеева, дерматовенеролог одржа едукативно предавање на тема: „Нега и хигиена на кожа склона кон акни како и совети за здрави животни навики“. Предавањето беше поддржано од француската компанија Биодерма.

Предавањето беше со цел подигнување на свеста кај пубертетската популација за влијанието на надворешните фактори за создавањето на акните и како правилно да се грижат за негата на својата кожа.

Нашето училиште и оваа година активно се вклучи во одбележувањето на Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА – 1 Декември.

Од страна на наставникот по биологија и учишниот педагог беше одржано предавање на тема „Сидата – болест која убива”, со цел да се подигне свеста кај учениците од IX одделение за оваа тешка болест и ХИВ инфекцијата.

Во празнична атмосфера, на 16 и 17 декември беа одржани работилници од страна на одделенскиот актив при ООУ „Кочо Рацин“, по повод Нова година. Во работилниците учествуваа нашите вредни и креативни ученици од прво до петто одделение.

Учениците од прво до петто одделение при ООУ „Кочо Рацин“ и дечињата од ЈОУДГ „Кокиче“ на 25.12.2024 присуствуваа на новогодишната претстава „Снежана и

Дедо Мраз“, изведена од страна на Магдалена Ризова - Черних, Сашо Ристовски, Ема Давчева и Бранко Атанасов.

Во текот на првото полугодие беа оджани работилници од страна на училишниот психолог на тема: Моќта на позитивното размислување, Стоп на врсничкото насилство во училиштето, Емоционална интелигенција, Препознавање и изразување на основните чувства.

Месец декември, месец во кој сè што сакаме е забава, подароци, убави мигови со саканите и спомени што засекогаш ќе ги чуваме. Дојде декември и го означи почетокот на празниците, забавата и хуманоста!

Во пресрет на новогодишните и божиќните празници, во нашето училиште се реализираа повеќе активности во знакот на песната,играта и забавата. Се одржа традиционалната Новогодишна претстава (27.12.2024) година, новогодишни базари и претстави во подрачните училишта, новогодишни работилници како и најпосакуваната за децата новогодишна лотарија.

По повод Недела на информатика и Денот на побезбеден интернет, учениците од VI до IX одд. учествуваа во низа активности.

Активности по повод Недела на информатика:
1. Креирање на квизови на знаење во програмскиот јазик C++;
2. Креирање на квизови на знаење во програмскиот јазик Scratch;
3. Кодирање на Micro:bit уред како мерач на интензитет на светлина и прекинувач на светилка во зависност од интензитетот на светлината.

По повод Денот на побезбеден интернет, учениците преку решавање на предизвици од играта „Сајбер мисијата на Ана“, успеаја да се стекнат со знаења и вештини поврзани со секојдневното користење на интернетот и социјалните мрежи, научија како да препознаваат лажни пораки и линкови и како да откриваат форми на сајбер насилство или манипулација.

По иницијатива на Ученичката заедница во нашето училиште се одржа работилница на тема: „Пушење и алкохол - последици и ризици по здравјето“.
Работилницата ја реализираа наставникот по биологија, педагогот и психологот од нашето училиште. Целта на работилницата беше да се подигне свеста на учениците за опасностите и негативните последици од пушењето и консумирањето алкохол.

Во пресрет на празникот 8 Март, Меѓународниот ден на жената, се одржа работилница во којашто учествуваа учениците од прво до петто одделение, заедно со своите одделенски раководители. Меѓународниот ден на жената - 8 Март е ден кога се одбележува борбата на жените за економска, политичка и социјална рамноправност со мажите. Осми март за Меѓународен ден на жената е прогласен од страна на Обединетите нации со цел да се одбележи улогата на обичната жена во историјата, како и нејзината борба за еднаквост, правда, мир и развој.

По повод Меѓународниот ден на жената - 8 Март беше распишан конкурс во кој учествуваа учениците од VI до IX одделение при ООУ ”Кочо Рацин” – Нов Дојран и комисијата одлучи да им се доделат награди на следните ученици:

Литературни творби:
VI одд.- IX одд.
1 место – Данче Гогова VII - а одд.
2 место – Ивана Димова VII - б одд.
3 место – Звонко Џинев VI – б одд.

На 11 март  во нашето училиште се одржа прекрасна куклена претстава „Добрата Јана и добриот пантер“, која ги воодушеви најмалите! Преку оваа забавна и едукативна приказна, децата научија дека добрината, храброста и чесноста секогаш победуваат.

По иницијатива на д-р Оливера Кочева, во нашето училиште на 13.3.2025 година се одржа предавање за учениците од седмо, осмо и деветто одделение на тема: „Врсничко насилство.“ Предавањето го одржаа д-р Оливера Кочева, заедно со училишниот педагог Жаклина Кречева, а учествуваа и Михаела Ајцева и Љупчо Стоев како дел од Ученичката заедница. Целта на предавањето беше да се подигне свеста на учениците за опасностите и негативните последици од врсничкото насилство - булинг, се дискутираше за типовите на врсничко насилство, како да ги препознаат, а и да се заштитат од овие типови на однесување за среќно, безгрижно и слободно детство

На 1 Април – Денот на шегата, нашите ученици, заедно со одделенските/класните раководители, организираа маскенбал во којшто ги претставија своите костими и маски, се забавуваа, пееја детски песнички и разменија низа досетки, шеги и трикови со неизбежното „Априлилили“.

На 22 Април - Денот на планетата Земја. Учениците од прво до петто одделение при ООУ „Кочо Рацин“ учествуваа во активности за заштита на животната средина и упатија пораки за секојдневно залагање, одговорно однесување и рационално користење на природните ресурси.

Во нашето училиште ООУ „Кочо Рацин“ – Нов Дојран, беше изведена претставата „Лажни вести, грешки чести“ од драмската група „Дон Кихот“ при СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија, во режија на Даниела Џишева. Претставата е подготвена со поддршка од Европската Унија, а нејзината содржина е единствена одговорност на ЗГ „Од станица до граница“. Настанот е дел од регионалната програма „Нашите медиуми“ која промовира медиумска писменост и активизам.

5 Мај – Денот на македонската азбука. Со гордост и љубов кон мајчиниот јазик, нашите ученици денес твореа, пишуваа и учеа за богатството на македонската азбука.

Учениците од прво до петто одделение при ПОУ Ѓопчели и учениците од четврто и петто одделение при ООУ „Кочо Рацин“ Нов Дојран присуствуваа на прославувањата на шестомајските Х'дрелезни обичаи во с. Башибос, Валандово. Како дел од светското нематеријално културно наследство на УНЕСКО, пролетните веселби Х'дрелез ја негуваат вековната традиција, го јакнат заедништвото и поттикнуваат на културна соработка на народите. Учениците учествуваа во активностите, уживаа во прекрасната природа и зеленило и стекнаа нови знаења за пролетното празнување Х’дрелез и фестивалот „Хид Бах Шен Фест“.

На ден 9.5.2025 г. (петок) во Општина Дојран се реализира големата Еколошка акција насловена како „Генералка Викенд“, со почеток во 09:00 часот.на оваа акција земаа учество и учениците од шесто до деветто одделение

Учениците од деветто одделение, заедно со својот класен раководител, реализираа тридневна екскурзија и се запознаа со богатото национално и културно наследство на нашата татковина, а и ги проширија своите знаења преку воспитно-рекреативната и компензаторско-образовната функција на вонучилишните активности.

Учениците од трето, четврто и петто,седмо и осмо одделение при ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран реализираа еднодневни екскурзии низ повеќе локации во Скопје заедно со своите одделенски раководители.

Дводневна екскурзија во второто полугодие низ Источна Македонија реализираа и учениците од шестто одделение.

Наставничкиот совет на ООУ „Кочо Рацин“ - Нов Дојран за првенци на генерација 2021/25 ги прогласува Михаела Ајцева и Љупчо Стоев - ученици коишто ги заслужуваат сите најубави зборови и пофалби упатени од страна на наставниците и соучениците за нивниот континуиран успех, примерно поведение, постигнати високи резултати на училишни, општински, регионални и државни натпревари од различни области, секогаш подготвени за соработка и стекнување нови знаења, а притоа справувајќи се со сите предизвици.

Патрониот празник на нашето улилиште беше обележан од 3.06.2025 до 05.06.2025 година со голем број активности,натпревари и дружење чествувајќи го ликот и делото на Кочо Рацин. Оваа година нашето училиште славеше јубилејни 80 години од неговото постоење и во таа чест имавме гости од шест училишта од нашата држава кои го носат името на Кочо Рацин. Имаше претставници од следниве Рацинови училишта:
ООУ „Кочо Рацин" - Прилеп
ООУ "Кочо Рацин"- Охрид
ООУ Кочо Рацин - Петровец
ООУ „Кочо Рацин“ -Блатец
СОУ Гимназија "Кочо Рацин" - Велес
ООУ „Кочо Рацин“ - Ивањевци

На Општинскиот натпревар по Математика, кој се одржа на 31.01.2025 год., нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

IV одделение
Анастасија Шулева - II награда
Ментор: Николинка Ѓоргиева
V одделение
Јана Бошнакова - I награда
Ментор: Јована Костадинова-Гогов
VI одделение
Бојана Мазнова - I награда
Ментор: Ристо Ристов

На Државниот натпревар по „Информатичко размислување“, кој се одржа на 14.12.2024 год., учениците ги освоија следните награди:

V одделение
Јана Бошнакова - II награда
Зоран Кортов - II награда
Ментор: Јована Костадинова-Гогов
IX одделение
Љупчо Стоев - I награда
Ментор: Ристо Ристов
VI одделение
Јована Илиева - II награда
Македонка Терзиева - II награда
Ѓорге Упчев - II награда
Бојана Мазнова - II награда
Стефан Николич - II награда
Љубица Шулева - II награда
Звонко Џинев - III награда
Јована Шулева - II награда
Панче Јанев - II награда
Ментор: Ристо Ристов
VII одделение
Ангела Терзиева - II награда
Илија Николиќ - III награда
Ремми Џокиќ III - награда
Ментор: Ристо Ристов
Сите ученици се пласирани на Интернационалниот натпревар, кој ќе се одржи на 13 април 2025 година.

На Општинскиот натпревар по Биологија, одржан на 14.2.2025 година, нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

IX одделение
Љупчо Стоев - I награда
Михаела Ајцева - I награда
Вања Стојанова - II награда

VII одделение
Данче Гогова - I награда
Христијан Ајцев - II награда
Ања Танова - II награда
Ангела Терзиева - пофалница
Наставник-ментор: Гордана Терзиева
Сите ученици се пласираа на Регионален натпревар.

На Општинскиот натпревар по Природни науки, кој се одржа на 28.02.2025 год., нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

IV одделение
Димитар Николов - III награда
Вероника Кадиева - Пофалница
Ментор: Николинка Ѓоргиева
V одд.
Јана Бошнакова - II награда
Наталија Тасева - II награда
Елена Џинова - III награда
Зоран Кортов - Пофалница
Ментор: Јована Костадинова-Гогов

На Државниот натпревар по математика ПИ-ДЕН, кој се одржа на 23.3.2025 год., нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

V одделение
1. Јана Бошнакова - 5 место
2. Зоран Кортов - 10 место
Ментор: Јована Костадинова-Гогов

На Регионалниот натпревар по Природни науки, кој се одржа на 4.4.2025 год., нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

V одделение
1. Јана Бошнакова - I награда (продолжува на Државен натпревар)
2. Зоран Кортов - III награда
3. Наталија Тасева - III награда
4. Елена Џинова - пофалница
Ментор: Јована Костадинова-Гогов
IV одделение
1. Вероника Кадиева - III награда
2. Димитар Николов - III награда
Ментор: Николинка Ѓоргиева

На Регионалниот натпревар по математика, кој се одржа на 13.3.2025 год., нашите ученици ги постигнаа следните резултати:

V одделение
1. Јана Бошнакова - III награда
Ментор: Јована Костадинова-Гогов
VI одделение
1. Бојана Мазнова - II награда (продолжува на Државен натпревар)
Ментор: Ристо Ристов

На 3.5.2025 година, во просториите на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, ученичката Бојана Мазнова од VI одд. учествуваше на Државниот натпревар по математика и се стекна со Пофалница.
Ментор: Ристо Ристов

На 18.5.2025 година, во просториите на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, ученичката Јана Бошнакова од V одделение, учествуваше на Државниот натпревар по природни науки и освои ПРВА награда.
Ментор: Јована Костадинова-Гогов

На 28.03.2025 година се одржа Регионален натпревар по биологија на кој нашите ученици постигнаа одлични резултати:

од IX одд.
1.Љупчо Стоев- Прва награда и пласман на државен натпревар
2.Михаела Ајцева- Прва награда и пласман на државен натпревар
3.Вања Стојанова-Трета награда

VII одделение:
1.Данче Гогова-Прва награда
2.Христијан Ајцев-Прва награда
3.Ангела Терзиева-Втора награда
4.Ања Танова-Втора награда
Сите ученици од седмо одделение обезбедија пласман на Државен натпревар.
Ментор:Гордана Терзиева

На Државниот натпревар по биологија, што се одржа на 31 мај 2025 година, нашите ученици Љупчо Стоев и Михаела Ајцева од IX одд. ја освоија ПРВАТА НАГРАДА, постигнувајќи го ВТОРИОТ најдобар резултат во државата.
Ученици од VII одделение:
Данче Гогова - ПРВА награда,
Христијан Ајцев - II награда,
Ангела Терзиева - III награда,
Ања Танова - Пофалница.
Наставник-ментор: Гордана Терзиева.
Сите ученици кои постигнаа значајни резултати на државните натпревари беа соодветно наградени со ваучери.

**5. Успех на учениците на крајот на учебната 2024/25 година**

Учениците од четврто до деветто одделение на крајот на крајот во учебната 2024/25 година покажаа среден успех од **4,03** .

Реализацијата, успехот и поведението на учениците на крајот на учебната 2024/25 година се прикажани и табеларно. (прилог табели).

Реализација на редовна настава по наставни предмети

| Планирани и реализирани часови по наставни предмети од I до V одделение | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 4140 | 4140 | 100% |
| Македонски ј. За нац. | 144 | 144 | 100% |
| Англиски јазик | 2412 | 2412 | 100% |
| Математика | 5040 | 5040 | 100% |
| Природни науки | 2016 | 2016 | 100% |
| Општество | 612 | 612 | 100% |
| Ликовно образование | 972 | 972 | 100% |
| Музичко образование | 1008 | 1008 | 100% |
| ФЗО | 3024 | 3024 | 100 % |
| ТО и информатика | 612 | 612 | 100% |
| Историја и општество | 792 | 792 | 100% |
| Турски јазик | 900 | 900 | 100% |

| предмети | ученици | успех на учениците од 4 и 5 одд. | | | | | ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | одлични | мн.добри | добри | доволни | недоволни | |
| | | бр. | бр. | бр. | бр. | бр. | |
| Македонски јазик | 54 | 28 | 14 | 8 | 4 | | 4,22 |
| Англиски јазик | 54 | 25 | 5 | 11 | 3 | | 4,33 |
| Турски јазик | 8 | 2 | 2 | 3 | 1 | | 3,63 |
| Математика | 54 | 28 | 10 | 11 | 5 | 0 | 4,13 |
| Историја и општество | 54 | 25 | 12 | 14 | 3 | 0 | 4,09 |
| Ликовно образ. | 54 | 40 | 9 | 4 | 1 | 0 | 4,63 |
| Музичко образ. | 54 | 38 | 8 | 7 | 1 | 0 | 4,54 |
| ФЗО | 54 | 53 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4,96 |
| Природни науки | 54 | 30 | 10 | 12 | 2 | 0 | 4,26 |
| Техничко и Информатика | 54 | 33 | 17 | 4 | 0 | 0 | 4,54 |
| СИП 1 | 54 | 46 | 0 | 8 | 0 | 0 | 4,7 |
| СИП 2 | 54 | 46 | 0 | 8 | 0 | 0 | 4,7 |
| **Вкупно** | | **404** | **87** | **91** | **20** | **0** | **4,45** |

| Планирани и реализирани часови по наставни предмети од VI до IX | | | |
|---|---|---|---|
| Предмети | Планирани часови | Реализирани часови | Во проценти |
| Македонски јазик | 1008 | 1008 | 100 % |
| Француски јазик | 504 | 504 | 100 % |
| Англиски јазик | 756 | 756 | 100 % |
| Историја | 484 | 484 | 100% |
| Математика | 1080 | 1080 | 100 % |
| Географија | 432 | 432 | 100 % |
| Граѓанско образование | 108 | 108 | 100% |
| Физика | 216 | 216 | 100% |
| Биологија | 360 | 360 | 100 % |
| Хемија | 216 | 216 | 100% |
| Ликовно образование | 252 | 252 | 100% |
| Музичко образование | 252 | 252 | 100% |
| ФЗО | 756 | 756 | 100% |
| Техничко образование и информатика | 128 | 128 | 100 % |
| Природни науки | 216 | 216 | 100 % |
| Информатика | 176 | 176 | 100% |
| Етика | 72 | 72 | 100% |
| Класична култура во европск.цивилизации | 72 | 72 | 100 % |
| Истражување на родниот крај | 144 | 144 | 100 % |
| Иновации | 36 | 36 | 100 % |
| Проекти од музичка уметност | 72 | 72 | 100 % |

| Предмети | Вкупно ученици | Среден успех по предмети од VI до IX одд. Успех на учениците | | | | | | | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одлични | | Мн.добри | | Добри | | Доволни | | Недоволни | | |
| | | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | Бр | % | |
| Македон. јазик | 111 | 46 | 41,4 | 22 | 19,8 | 23 | 20,7 | 20 | 18 | / | / | 3.85 |
| Англиски ј. | 111 | 58 | 52,2 | 14 | 12,6 | 18 | 16,2 | 21 | 18,9 | / | / | 3,98 |
| Франц. ј. | 111 | 45 | 40,5 | 10 | 9 | 26 | 23,4 | 30 | 27 | / | / | 3,63 |
| Математика | 111 | 28 | 24,3 | 25 | 23,4 | 20 | 18 | 38 | 34 | / | / | 3,39 |
| Историја | 111 | 34 | 28,9 | 16 | 14,4 | 27 | 27,6 | 34 | 28,9 | / | / | 3.45 |
| Географија | 111 | 54 | 48,6 | 26 | 23,4 | 21 | 18,9 | 10 | 9 | / | / | 4,12 |
| Граѓан.обр. | 77 | 33 | 42,8 | 10 | 12,9 | 16 | 20,7 | 18 | 23,3 | / | / | 3,75 |
| Природни науки | 35 | 10 | 28,6 | 6 | 17,1 | 8 | 22,9 | 11 | 31,4 | | | 3,43 |
| Биологија | 76 | 18 | 23,6 | 13 | 17,1 | 19 | 25 | 26 | 34,2 | / | / | 3,30 |
| Физика | 42 | 10 | 23,8 | 8 | 19 | 8 | 19 | 16 | 38 | | | 3,29 |
| Хемија | 42 | 13 | 30,9 | 6 | 14,2 | 7 | 16,6 | 16 | 38 | | | 3,38 |
| Ликовно обр. | 111 | 60 | 54 | 13 | 11,7 | 24 | 21,6 | 14 | 12,6 | | | 4,07 |
| Музичко обр. | 111 | 61 | 54,9 | 17 | 15,3 | 13 | 11,7 | 20 | 18,0 | | | 4,07 |
| ФЗО | 111 | 74 | 66,6 | 25 | 22,5 | 10 | 9 | 2 | 1,8 | | | 4,54 |
| Етика | 34 | 14 | 41.1 | 8 | 23,5 | 7 | 20,5 | 5 | 14,7 | | | 3,91 |
| Информатика | 69 | 16 | 23,1 | 16 | 23,1 | 14 | 20,2 | 23 | 33,3 | | | 3,36 |
| СИП 1 | 69 | 46 | 66,67 | 0 | 0 | 23 | 33,33 | 0 | 0 | | | 4,33 |
| СИП 2 | 69 | 58 | 84,1 | 0 | 0 | 11 | 15,9 | 0 | 0 | | | 4,68 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Проекти од музичка уметност | 21 | 13 | 61,9 | 5 | 23,8 | 2 | 9,5 | 1 | 4,7 | | | 4,43 |
| Истражување на родниот | 21 | 14 | 66,6 | 3 | 14,2 | 4 | 19 | | | | | 4,48 |
| Техничко | 35 | 12 | 34,3 | 8 | 22,9 | 9 | 25,7 | 6 | 17,1 | | | 3,74 |
| Иновации | 21 | 10 | 47,6 | 3 | 14,2 | 6 | 28,5 | 2 | 9,5 | | | 4.00 |
| **Вкупно:** | | 727 | 45,2 | 254 | 15,8 | 316 | 19,6 | 313 | 19,4 | | | **3,87** |

| **Дополнителна настава и додатна настава** | | | |
|---|---|---|---|
| Одделение | Реализирани часови | Одделение | Реализирани часови |
| I | 180 | | |
| II | 437 | VI | 134 |
| III | 365 | VII | 154 |
| IV | 360 | VIII | 140 |
| V | 504 | IX | 72 |
| Вкупно | 1846 | Вкупно | 500 |

| Споредбени показатели за изостаноците на учениците | | | |
|---|---|---|---|
| | Учебна 2022/23 | Учебна 2023/24 | Учебна 2024/25 |
| Оправдани | 6178 | 2754 | 6551 |
| Неоправдани | 191 | 57 | 102 |
| Вкупно | 6369 | 2811 | 6653 |

| Споредбени показатели за поведението на учениците | | | |
|---|---|---|---|
| | Учебна 2022/23 | Учебна 2023/24 | Учебна 2024/25 |
| Примерно | 262 | 248 | 241 |
| Добро | / | / | / |
| Незадоволително | / | / | / |
| Вкупно | 262 | 248 | 241 |

| Споредбени показатели за успехот на учениците | | | |
|---|---|---|---|
| | Учебна 2022/23 | Учебна 2023/24 | Учебна 2024/25 |
| Вкупно | 4,07 | 4,05 | 4,03 |

Во склопот на реализацијата на Годишната програма се реализирани и планираните активности и содржини од програмата на Директорот на училиштето и Стручната служба, според планирањата предвидени со програмата за работа.

## 6. Соработка со родителите

Една од формите на вклучување на родителите во работата на училиштето беа родителските средби. Во соработка со родителите особено внимание се посвети на разговори со нив, родителите во секое време да соработуваат, со сите наставници, стручната служба и директорот и да даваат свое мислење и учествуваат во работата.Родителските средби се одвиваа преку:

-Индивидуални контакти

-Родителски средби на ниво на паралелки и отворен за родители двапати во текот на едно полугодие

-Изработен е Информатор за работата на ООУ„Кочо Рацин“ Нов Дојран за учебната 2024/25 година и истиот е поделен на родителите.

**КОНСТАТАЦИЈА:**

Да се продолжи со современи методи и техники на работа во реализацијата на наставата како и одржување на континиутет на одржувањето на додатната и дополнителната настава како и од оваа полугодие и вон наставни активности, СУА, и работа со талентирани и надарени ученици.Да се поттикнат наставниците за посета на обуки за стручно и професионално усовршување. Училиштето систематски да ја следи редовноста на учениците и да известува за евентуалните неоправдани или оправдани отсуства на учениците. Да се анализираат причините за отсуство и навремено да се преземат конкретни мерки и активности што ке обезбедат зголемување на редовноста кај учениците. Континуирана соработка со родителите на учениците со нессоодветно однесување и неоправдани изостаноци.

Разгледан и утврден од страна на Наставничкиот совет на седницата одржана на ден 9.7.2025 година.

Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2024/25 година го изработиле стручната служба и директорот на училиштето.

**Стручна служба:**

Жаклина Кречева

Сања Точева

**Директор:**

Мирослав Бошнаков

Усвоен од страна на Училишниот одбор на седницата одржана на ден 9.7.2025 година.

**Претседател на Училишен одбор**

Снежана Кортова